Република Северна Македонија
**Општина Крушево**

Бр. 21-153/12

од 03.06.2024 година

**Република Северна Македонија**
**Општина Крушево**
ул. „Никола Ѓурковиќ“ бр. 16 А
7550 Крушево

Тел. 048 477 061
E-mail: opstinakrusevo@krusevo.gov.mk
Web: www.krusevo.gov.mk

**ПРЕДМЕТ: Известување за организирање на јавен увид**

Врз основа на член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20 и бр.111/13), Ве известуваме дека Општина Крушево води постапка за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела за комплекс на градби со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 2134 КО Крушево вон град, Општина Крушево.

Локацијата на проектниот опфат се наоѓа северно од градот Крушево, на приближна оддалеченост од 1,6км од центарот на градот. Проектниот опфат е дефиниран по границите на катастарската парцела КП 2134, КО Крушево вон град. Проектниот опфат на север граничи со КП 2133, КО Крушево вон град, на исток со постојна сообраќајна инфраструктура на КП 2940, КО Крушево вон град, која е со катастарска култура – патишта, на југ граничи со КП 2135, КП 2136 и КП 2141, КО Крушево вон град и на запад со КП 2142 и КП 2143, КО Крушево вон град.

Површината на проектниот опфат изнесува 6508,63м2 (0,65ха).

Јавниот увид се организира во просториите на Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина на општина Крушево, соба број 23, секој работен ден од 08:30 до 15:30 часот, а ќе трае 15 дена, почнувајќи од 04.06.2024 година до 19.06.2024 година. Во исто време ќе се спроведува и во електронска форма преку информацискиот систем е–урбанизам, а ќе биде објавен и на веб страната на општината www.krusevo.gov.mk. Урбанистичкиот проект во печатена форма ќе биде истакнат во просториите на Центарот за информирање на граѓаните на општина Крушево.

Соопштението ќе биде објавено на веб страната на општината www.krusevo.gov.mk.

Во споменатиот рок, заинтересираните субјекти од член 47 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20 и бр.111/13), на анкетни листови ќе можат да ги достават своите забелешки, мислења и предлози електронски преку информацискиот систем е-урбанизам или во печатена форма преку архивата на Општина Крушево. Анкетните листови можат да се подигнат во соба број 23, секој работен ден од 08:30 до 15:30 часот.

**Изготвил:**
**Елена Илиеска**

Elena Ilieska Digitally signed by Elena Ilieska Date: 2024.06.03 13:00:21 +02'00'

**Општина Крушево**
**Градоначалник,**

Tome Hristoski Digitally signed by Tome Hristoski Date: 2024.06.03 13:00:44 +02'00'

**м-р Томе Христоски**